Михајло МИНОСКИ

# НЕПОЗНАТ ДОКУМЕНТ ОД 1900 ГОДИНА ЗА ВРСКИ И СОРАБОТКА НА ПРОГРЕСИВНИ РУСКИ И МАКЕДОНСКИ СТУДЕНТИ ВО ШВАЈЦАРИЈА И ЗА НИВНАТА СОЛИДАРНОСТ СО МАКЕДОНСКОТО ОСЛОБОДИТЕЛНО ДЕЛО

Кон крајот на XIX и во почетокот на XX век демократска Швајцарија станала привлечно средиште за прогресивната младина од многу европски земји, меѓу кои и царска Русија и поробена Македонија. Многу од нив доаѓале да студираат на тамошните универзитети.

Бројот на македонските студенти во Швајцарија се зголемил во последните неколку години на XIX век, во времето кога во земјата се засилило национално-ослободителното движење.[1]

И македонските студенти во Швајцарија пристапиле кон сопствено организирање. Во универзитетските центри се формирале македонски друштва. Друштвата започнале со организирана политичко-пропагандна дејност за запознавање и придобивање на прогресивната општественост за македонското ослободително дело. Со целокупната дејност раководел Централниот македонски комитет, формиран на почетокот од 1899 година.[2]

На 12 јануари 1899 година Централниот македонски комитет објавил Апел[3] до европската општественост во кој било изнесено барање за решение на македонското прашање согласно одредбите на меѓународниот договор на големите сили потпишан во Берлин 1878 година, за давање автономија на Македонија односно за нејзино уредување како автономна државно-политичка единица, со главен град Солун.[4] Во исто време Комитетот го повикувал македонскиот народ на вооружена борба.[5]

Во средината на февруари, од 17 до 19-ти, Централниот македонски комитет во Женева организирал две мошне значајни конференции за

---

1. Тајната Внатрешна Македонска Револуционерна Организација (ТМОРО), формирана во 1893 година, зајакнала. Мрежата на организацијата се проширила речиси на целата територија на Македонија и прераснала во масовно национално-ослободително движење.

2. Комитетот бил формиран на иницијатива на д-р Георги Капчев (од Охрид). Тој пред доаѓањето во Швајцарија во Загреб издавал весник „Македонија“.

3. Апел до заштитниците на човековата совест, правда, мирот и човечноста (Apel au défanseurs de la conscience humaine, de l'équite, de la paix l'humanite').

4. Архив на Македонија (АМ), М. 181, Turqie Politique Interieur, III, Macedoine. Congrès Macedonien a Geneve/ TPI, III, M, CMC/ Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, Том I, Скопје, 1981, док. 259, с. 374-377; проф. д-р Христо Андонов — Полјански, „Апелот“ на Ѓорѓи Ив. Капчев од 1899 година. — Годишен зборник на Филозофскиот факултет, кн. 22, Скопје, 1970.

5. д-р Христо Андонов — Полјански, „Апелот“ на Ѓорѓи Ив. Капчев, с. 200

положбата во Македонија. Тамошната јавност, според соопштувањето на францускиот генерален конзул во Женева, пројавила жив интерес и симпатии.[6] Од конференцијата, по расправата за тешката положба на поробениот македонски народ, се апелирало на големите сили да се застапат и да стават крај на неодржливата состојба во Македонија.[7]

Централниот македонски комитет за почетокот на март 1899 година[8] закажал одржување македонски конгрес во Женева, што требало да придонесе за натамошно актуелизирање на македонското прашање пред европското јавно мислење. Конгресот требало да избере постојано тело што легитимно ќе ги претставува и застапува интересите на македонскиот народ пред големите сили.

Тоа силно ги загрижило владеачките кругови на соседните балкански држави што настапувале со територијални претензии во Македонија. Презеле редица мерки и притисоци за оневозможување дејноста на македонските интелектуалци.[9]

Планираниот општ македонски конгрес во Женева не се одржал. Тоа имало непосредно влијание на целокупната натамошна дејност. Набргу потоа дошло и до пасивизирање.

Есента 1899 година заживеала работата на македонските студентски друштва во Швајцарија: во Берн,[10] Фрибург[11] и во други градови.[12]

Дејноста на македонските студентски друштва била поддржувана и помагана од прогресивните странски студенти, во прв ред Руси и Германци, чиј број бил особено голем во Берн.[13] При тоа тие покажале целосна солидарност со ослободителната брба на поробениот македонски народ.

На организираните собири и македонски вечери, во говорите, присутните биле запознавани со ослободителната борба на македонскиот народ што траеле веќе цели две децении, почнувајќи со Кресненското востание од 1878/1879 година. Посебно биле нагласувани задачите на македонските студенти и нивниот долг кон татковината: да го помагаат ослободителното дело и самите да земат учество во ослободителната борба.

Меѓутоа, во редот на организираните македонски студенти, па и во раководствата на некои друштва, имало поединци кои неодговорно се однесувале кон обврските. Во еден документ од 17 март 1900 година[15] е речено дека и самиот претседател на македонското студентско друштво во Фрибург, со својот личен однос довел до целосна пасивизираност. Бидејќи, како што стои во документот, „повеќе мислел на жени отколку на Македонија".[16]

---

6. AM, M. 181, TPI, III, Macedoine. Consulat Géneral de France a Géneve, Direction Politique /CGFG, DP/ N° — 5/ 6.III 1899. Au sujet des Comités Macedonienes.

7. Конгресот бил закажан за 3 март 1899 година

8. Др- Михајло Миноски, Федеративната идеја во македонската политичка мисла (1887—1919), Скопје, 1985, с. 291.

9. Интервенирале дипломатските претставници а биле ангажирани и нивните студентски друштва во Швајцарија, посебно активни се покажале српските и грчките, кои во печатот истапувале со остри протести.

10. Архив на Македонија, фонд: Војдан Поп Георгиев — Чернодрински (АМ ф.: ВПГ—Ч), К. I, Преписка 1899 и 1900, АЕ 3/27 л.; АЕ 4, л. 7.

11. АМ ф.: ВПГ=Ч, К. I, АЕ 3/27 г.

12. Тогаш била обновена идејата за организирање македонски конгрес во Швајцарија. Се размислувало со таква иницијатива да излезат неколку македонски студентски друштва (АМ ф.: ВПГ=Ч, К. I, АЕ 4, л. 7/ 2.V.1900/ Д. Општински до Чернодрински).

13. Истото, К. I, АЕ 4, л. 7/ 17. III. 1900

14. Истото, АЕ 3/27 л. Фрибург, 26. XI. 1899 (Говор на Чернодрински).

15. Истото, АЕ 4, л. 7/ 17. III. 1900 (Писмо на К. Списаревски до В. Чернодрински.

16. Истото.

Руските студенти-револуционери, посветени на револуционерното дело, иако активно ја поддржувале и помагале дејноста на македонските студентски друштва во Швајцарија, во почетокот на 1900 година оценувале дека сето тоа било недоволно. Така К. В. Списаревски[16a], во едно свое, писмо до Чернодрински,[17] од средината на март, искажувајќи крајно незадоволство од состојбата на промакедонската дејност во Фрибург, пишувал: “*Ние овде речиси ништо не правиме за нашите словенски браќа во Македонија* (подвлекол — ММ)“.[18]

За да се средат работите од Берн бил повикан Војдан Поп Георгиев Чернодрински.[19]

Списаревски го застапувал гледиштето дека вистинскиот револуционер, посветен на револуционерното дело, немал свој личен живот. Затоа требало да се чува од љубовта на жените. Во споменатото писмо до Чернодрински сугерирал, а тоа се однесувало и на другите македонски студенти-револуционери, дека тоа посебно се однесувало на нив „што сакале да умрат за светата идеја“.[20] Додавајќи при тоа: “*Нашата жена, сестра е миленица (?) е Македонија*” (подвлекол — ММ)[21].

Според тоа, во последните години на XIX век македонските и руските прогресивни студенти во Швајцарија одржувале блиски контакти и соработувале. Руските студенти-револуционери се солидаризирале и ја поддржувале ослободителната борба на поробениот словенски македонски народ. Ја поддржувале и ја помагале дејноста на македонските студенти за запознавање на пошироката европска општественост со тешката положба во Македонија и вистината за македонското прашање. Некои од нив биле готови и активно да се вклучат во македонската ослободителна борба. Основната причина што до тоа не дошло лежи во недоволната револуционерна зрелост и организираност на македонските студенти во Швајцарија.

## *ДОКУМЕНТ*

Фрибург, 17. III. 1900

Драги мој пријателе,

Го добив вашето долго и љубезно писмо — крајно Ви благодарам.

Ме радува што гледам дека многу сте напредниале со францускиот јазик — само храбро!

Го делам вашето мислење зошто се одржува вечеринката во Берн, бидејќи таму, како што Вие велите, има Руси и Германци-студенти, кои присуствуваат на нашата вечеринка.

Ние овде речиси ништо не правиме за нашите словенски браќа во Македонија. Можеби се прашувате зошто? Ех, мил мој, има многу причини ... многу ...

Нашиот претседател мисли повеќе на жени отколку на Македонија ... Вие знаете ...

---

[16]-а. За жал не успеавме да дојдеме до други податоци за личноста на Списаревски.

[17]. Војдан Поп Георгиев — Чернодрински (роден во с. Селце, Дебарско) основоположник на македонската драмска литература и театар. Пред заминувањето на студии во Грац (Австрија), а потоа и во Берн во Швајцарија, членувал во револуционерниот кружок „Младинска македонска дружина“.

[18]. АМ ф.: ВПГ—Ч, К. I, АЕ 4, л. 7/ 17- III. 1900 (К. Списаревски до Чернодрински).

[19]. Истото.

[20]. Истото.

[21]. Истото.


Fribourg 17.III.00

Mon cher ami

Je reçu votre longue et aimable lettre — me [illegible] intimement.

Je me réjouis beaucoup quand je vois que vous faites grand progrès en langue Française, — avec courage

Je partage votre opinion pour que [illegible] la soirée à Berne, parce que là, comme vous dites il y a beaucoup de Russes et Allemands — étudiants — qui assistent tout à notre soirée.

Nous ne travaillent presque rien pour nos frères-esclaves — en Macédoine. Peut-être, vous demanderez: mais pourquoi? Oh mon cher il y a beaucoup de causes — beaucoup [illegible]

Mon cher

Aujourd'hui j'ai été chez monsieur [illegible]sky, qui m'a dit, que vous me demandez le dictionaire. Je sais très bien mon cher que vous avez encore deux et que vous pouvez passer sans celui ci, qui se trouve chez moi. C'est pourquoi je vous prie de me le cedez encore pour quelques mois que nous restent pour passer semestre d'été. Quant à l'argent que vous me devez, je suis bien tranquille et vous pouvez me les envoyer quand vous en recevrai. Je me porte très bien, parce que comme vous savez, je reçois toujours des lettres de ma bonne amie. Acceptez mes salutations sincères. Tout à vous

A. Dimitroff

**Док. 1**

Писмо на К. Списаревски од Фрибург до Војдан Поп Георгиев — Чернодрински во Берн.



Notre président pense plus pour femmes
que pour Macédoine. Vous savez.
Lorsque je lui ai dit pour la soirée il
me repond: „Je ne puis pas prendre
la initiatione, si vous pouvez, alors
je vous aiderai".

Je crois que ferez mieux, si vous venez
ici après une ou deux semaine afin
que arrangeons cet affaire.
Je compte, mon cher ami, passer la
vacance l'été aussi à Neuchatel comme
vous. Quand pensez-vous d'aller
à Neuchatel? Je pense que là (à Neuch.)
il y a bons conditions pour la langue
Française, n'est-ce pas?
Hier et aujourd'hui se produisent
les examens en droit.
M. M. Anastassoff (Papota) dit bienne
aussi votre Anastassoff, cependant M.
Holinsoff tombé avec deux pieds.
Et, maintenant, vous aimez une autre
demoiselle! C'est domage.....
Écoutez mon conseil. Ne croyez aux
femmes jamais, jamais.
J'ai gouté déjà de l'amour aux femmes.
Oh, l'amour est amer!
Surtout pour nous qui voulons mourir pour une idée sacré il faut
mettez les femmes à part.
Soit les femmes appartient d'autrui,
Notre femme, soeur et mignon est
Macédoine.
J'attends avec impatiance votre reponsé.
Salut! Adieu!

Продолжението на писмото.

Кога јас му реков за (организирање на) вечеринка, тој одговори: „јас не можам да преземам иницијатива, ако Вие можете, тогаш јас ќе Ви помогнам" ...

Верувам дека ќе направите добро ако дојдете овде по една до две недели, за да ја средиме таа работа.

Јас сметам, драги мој пријателе, летниот распуст да го поминам во Neuchatel како и Вие. Кога мислите да одите во Neuchatel. Јас мислам дека таму (во Neuchatel) има добри услови за францускиот јазик, нели?

Вчера и денес се изведуваат испити по право. М. М. Анастасов (Папата), подобро речено вашиот Анастасов, сега М. Калинков, *се разболе* (подвлечено во документот — ММ).

Ех, да, сега Вие сакате друга девојка! Каква штета... Послушајте го мојот совет: никогаш не им верувајте на жените, никогаш!

Јас веќе ја искусив љубовта.

Љубовта е горчлива! Посебно за нас кои сакаме да умреме за една света идеја, жените треба да ги оставиме настрана. Жените да им ги оставиме на други.

*Наша жена, сестра и миленица(?) е Македонија* (подвлекол — ММ).

Нестрпливо го очекувам вашиот одговор.

Со поздрав, до видување!

Твојот пријател К. В. Списаревски

(Архив на Македонија. ф.: Војдан поп Георгиев — Чернодрински, К. I, Коресподенција 1900, АЕ 4, л. 7)